РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1228/2
03-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 65-та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-3452/1 од 05.10.2020 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на Реџеп Мемеди, поранешен пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по поднесено барање од ДКСК за поведување на прекршочна постапка против именуваниот, од страна на Прекршочната комисија во ДКСК е донесено решение број 14-1227/2 од 24.02.2022 година со кое Реџеп Мемеди е огласен за одговорен за прекршок утврден во член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон, и му е изречена прекршочна санкција - ОПОМЕНА.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот заведен под број 08-3452/1 од 05.10.2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од својата евиденција констатира дека на лицето Реџеп Мемеди на 04.08.2020 година му престанала функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија и дека во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата не поднело анкетен лист до Државната комисија.

ДКСК, согласно со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците спроведе постапка за порамнување при што беше издаден прекршочен платен налог број 08-3452/3 од

06.10.2020 година, кој согласно со Законот за прекршоците беше уредно доставен до сторителот и по кој сторителот во утврденито рок не постапи.

ДКСК, до Прекршочната комисија во ДКСК, поднесе барање за поведување прекршочна постапка против именуваниот заведено под број 08-3572/1 од 26.07.2021 година.

Прекшочната комисија во ДКСК, со решение број 14-1227/2 од 24.02.2022 година Реџеп Мемеди го огласила за одговорен за прекршок утврден во член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон, и му е изрекла прекршочна санкција - ОПОМЕНА.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**